**ОПШТА СТОМАТОЛОГИЈА-ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ**

1. **Stomatitis herpetica ( gingivostomatitis herpetica) е заболување кое го предизвикуваат вирусот:** A) Epstein - Barr B) Herpes symplex C) Varicela zoster D) Picorno E) сите одгвори се неточни
2. **Анатомски делови на гингивата се:** A) маргинална гингива, припоен епител и сулкусен епит B) маргинална, припојна и интердентална гингива C) припојна гингива и припоен епител D) периодонциум, маргинална и припојна гингива E) сите одгвори се неточни
3. **Гингивалниот сулкус има длабочина од:** A) 0,5 – 2 мм B) 0,5 – 1,5 мм C) 1 – 2,5 мм D) сите одговори се точни E) сите одговори се неточни
4. **Дехисценција е :** A) оголување на коренот пропратено секогаш со рецесија на гингива B) оголување на коренот поради одсуство на коска C) оголување на коренот каде лимбус алвеоларис е 3мм D) оголување на коренот е само од орално E) оголување на коренот е само од апроксимално
5. **Епилептичните гризења најчесто се локализирани на:** A) тврдото непце; B) мекото непце; C) подот на усната празнина; D) вентралната страна на јазикот E) бочната страна на јазикот
6. **Ерозиите во усната празнина се препокриени со :** A) Бел фибрионоиден налеп B) Епителни остатоци C) Красти D) Остатоци од храна и микрорганизми E) Нема точен одговор
7. **Етиолошката - базичната терапија на пародонтопатијата се состои од:** A) ординирање на антибиотици B) отстранување на денталниот плак и на забниот камен C) киретажа на мекиот ѕид на пародонталниот џеб D) испирање со благи антисептични средства E) сите одгвори се неточни
8. **За оралната кандидијаза основната терапија се состои од:** A) антибиотоци B) антимикотици C) витамини D) хормонски препарати E) се претходно наброено
9. **Забниот камен е:** A) Минерализирана дентална пеликула B) Минерализиран дентален плак C) Минерализирана материја алба D) Минерализарана салива E) Структурна компонента на забот
10. **Карактеристичниот рентгенолошки наод за пародонталниот абсцес опфаќа:**
    A) Истенчување и губење на острината на ламина дура на алвеоларната коска
    B) Хоризонтален и вертикален губиток на алвеоларната коска C) ограничена радиолусцентна зона долж ѕидовите на коренот на забот D) сите одговори се точни E) нема точен одговор
11. **Кое од пародонталните ткива нема сопствена васкуларизација?** A) гингивата B) цементот C) периодонциумот D) лвеоларната коска E) цементот и алвеоларната коска
12. Ниско ниво на кариес има кога плунката е: A) ретка и серозна B) густа и муцинозна C) нема значење D) леплива E) пенеста
13. **Во примарната превентивна стоматологија се применуваат пет постапки со кои може ефикасно да се спречи појавата на забниот кариес и заболувањата на пародонтот, меѓу кои и:** A) контрола на плакот B) дисциплина во консумацијата на шеќери C) употреба на флуориди D) едукација E) сите наведени се точни
14. **Врската на ГЈЦ со забите е :** A) хемиска B) микромеханичка C) физичка D) макромеханичка E) комбинирана

15. **Ендодонтскиот третман на младите трајни заби се изведува исклучиво со:** A) витална пулпотомија B) витална пулпектомија C) мортална пулпектомија D) мортална пулпотомија E) сите одговори се неточни
16. **Забниот кариес е едно од најраспросранетите заболувања кај современиот човек, а основен предуслов за неговата појава е присуството на:** A) дентален плак B) стекната пеликула C) анаеробни бактерии D) аеробни бактерии E) шеќери
17. **Заболувањата на периапикалните ткива настанваат најчесто како компликација на заболувањата на пулпата, кои според текот и патохистолошката слика можат да се поделат на:** A) акутни и хронични B) хронични и серозни C) акутни и гнојни D) акутни и серозни E) гнојни и грануломатозни
18. **Каква паста се применува за канално полнење при ендодонтскиот третман кај младите трајни заби?** A) антибиотска паста B) јодоформ - хлумски паста C) паста на база на калциум хидрооксид D) паста на база на кортикостероиди E) сите одговори се неточни
19. **Какви пасти се употребуваат по спроведениот ендодонтски третман на млечни заби?** A) меки канални полнења со апликација на гутаперка штифтови B) тврди канални полнења со апликација на гутаперка штифтови C) меки ресорптивни пасти без гутаперка штифтови D) меки ресорптивни пасти со гутаперка штифтови E) сите одговори се неточни
20. **Кога е најдобро да се изврши залевањето на фисурите на трајните заби?** A) веднаш по еруптирањето B) две години по еруптирањето C) при појава на кариозен процес D) при апроксимален кариес E) сите одговори се неточни
21. **Кои заби се најчесто зафатени со циркуларниот кариес ?** A) горните фронтални млечни заби B) горните фронтални трајни заби C) долните фронтални млечни заби D) долните фронтални млади трајни заби E) сите одговори се неточни
22. **Кои заболувања ги вбројуваме во категоријата акутни дентогени инфекции ?** A) апсцес и флегмона B) хроничен апикален пародонтитис C) јувенилна пародонтопатија D) акутен пурулентен тотален пулпитис E) сите одговори се неточни
23. **Кои се негативни особини на композитните реставративни материјали?** A) естетски не задоволуваат B) механички не се отпорни C) термичка експанизја D) контракција на реставрацијата E) сите одговори се неточни
24. **Кои средства се применуваат за залевање на фисурите?** A) цинкоксид еугенол B) амалгам C) композитни залевачи D) цинкфофатен цемент E) сите одговори се неточни
25. **Која од наведените состојби е најургентна ?** A) синкопа B) хистеричен напад C) колапс D) локална алергиска реакција E) анафилактичен шок
26. **Механичката отпорност на глајсономерните цементи во однос на композитите е:** A) послаба B) иста C) појака D) немаат механичка отпорност E) ништо не е точно
27. **Површинска локална анестезија се користи за екстракција на:** A) трајни заби B) млечни ресорбирани заби C) млечни нересорбирани заби D) млечни ресорбирани и нересорбирани заби E) не се употребува во стоматологијата
28. **Под хиподонција се означува:** A) намален број на заби B) зголемен број на заби C) прекубројни заби D) ниеден одговор не е точен E) сите одговори се точни
29. **Пулпините заболувања според локализација се делат на :** A) парцијални и тотални B) рецидивирачки C) хронични D) акутни E) сите одговори се неточни

30. **Симптоми при анкилоза на заб се :** A) тап звук при перкусија B) метален звук при перкусија C) сонорен звук при перкусија D) сите одговори се точни E) сите одговори се неточни
31. **Со каков вид на анестезија се екстрахираат млечни заби во период на физиолошка смена ?** A) со општа анестезија B) со инфилтрациона плексус анестезија C) со спроводна мандибуларна анестезија D) со површинска анестезија E) сите одговори се неточни
32. **Со кои средства се спроведува директно прекривање на експонираната пулпа?** A) препарати на цинк оксид еугенол B) препарати врз база на калциум хидроксид C) препарати на фокалмин D) препарати на донтизолон E) сите одговори се неточни
33. **Ургентна терапија на акутен пулпит е:** A) трепанација B) екстирпација C) ниедно од двете D) трепанација и екстирпација E) ектракција
34. **Хлорхексидинот (chlorhexidinE) спаѓа во:** A) механичка контрола на дентален плак B) хемиска контрола на дентален плак C) биолошка контрола на дентален плак D) сите одговори се точни E) ниту еден одговор не е точен
35. **Што претставува "Сендвич техника" ?** A) комбинација на ГЈЦ и компомер B) комбинација на ГЈЦ и композит C) комбинација на цинкофосфатен цемент и композит D) комбинација на компонер и композит E) сите одговори се неточни
36. **Што претставува caries profunda?** A) кариес на емајлот B) длабок кариес на дентинот C) кариес на цементот D) воспаление на пулпата E) сите одговори се неточни
37. **Кои симптоми се карактеристични за pulpitis chronica ulcerosa aperta** ? A) силна, спонтана, долготрајна болка B) силни болки предизвикани од ладно C) тапа болка при мастикација D) болка при допир E) болка на благо
38. **Терапијата на стоматитис херпетика се состои во давање на :** A) антибиотици B) антисептици анестезин C) средства за подигање на имунитет D) аналгетици E) витамини
39. **МТА се користи за:** A) Перфорации B) Иригација C) Дезинфекција D) Стерилизација E) Дијагноза
40. **При препарација на кавитетите прва болна зона е:** A) Не постои таква зона B) Емајло-цементната граница C) Емајло-дентинската граница D) Дентинот E) Цементот
41. **Sol.Chlumsky се користи за:** A) Смирување на болка B) Канална оптурација C) Канална иригација D) Девитализација E) Дијагноза
42. **Pulpitis chonica ulcerosa терапија претставува:** A) Пулпектомија B) Калциум хидроксид C) Дезартикулација D) Термокаутеризација E) Дирекно препокривање
43. **Toxavit се користи за:** A) Десензибилизација на пулпа B) Девитализација на пулпа C) Детоксикација на пулпа D) Дирекно препокривање на пулпа E) Индирекно препокривање на пулпа
44. **Апекс локаторот се користи за:** A) Дијагноза на кариес B) Терапија на кариес C) Одредување на длабочината на кавитетот D) Одредување на работна должина E) Одредување на оклузална референтна точка
45. **Болка при хоризонтална перкусија е присутна кај:** A) Интерен гранулом B) Иницијален пулпитис C) Хиперемија D) Заболување на периодонталното ткиво E) Некроза
46. **Болката се намалува со ладно кај:** A) Полип на пулпа B) Гноен пулпит C) Серозен пулпит D) Некроза на пулпа E) Гангрена
47. **Бруксизам претставува :** A) девитализација на пулпа B) ампутација на пулпа C) препарација на заби D) одредување виталитет E) ноќно шкрипење на заби

48. **Витална екстирпација е тераписка постапка:** A) Со анестезија B) Со параформалдехид C) Со арсенски препарати D) Со јодоформ E) Ниту едно од наведените
49. **Водороден пероксид 3 % се користи за:** A) Оптурација B) Иригација C) Импрегнација D) Белење на заби E) Кај хиперсензитивни заби
50. **Воспалението на пулпата се третира со:** A) Аналгетици B) Антипиретици C) Антихистаминици D) Седативи E) Ниту едно од наведените
51. **Врската помеѓу забните структури и композитните материјали се обезбедува со :** A) Лакови B) Суспензии C) C) Лајнери D) Атхезиви E) Подлоги
52. **Директно препокривање на пулпа се прави кај?** A) Caries media B) Caries profunda simplex C) Caries profunda complicata D) Caries sicca E) Caries incipiens
53. **За девитализација на пулпа се користат:** A) Арсенски медикаменти B) Формалдехидни медикаменти C) Поливалентни пасти D) Анестетици E) Игриганси
54. **За интерна ресорпција со коренска перфорација се користи:** A) Цинк оксид еугенол B) МТА C) ГЈЦ D) Флечер E) Атхезиви
55. **Индирекно препокривање на пулпа се прави кај?** A) Caries media B) Caries profunda simplex C) Caries profunda complicata D) Caries superficialis E) Caries incipiens
56. **Инцизија и дренажа се прави при:** A) Апцес B) Гангрена C) Хиперемија D) Некроза E) Серозен пулпит
57. **Каде е локализиран кариесот од прва класа?** A) на апроксимални површини B) на оклузалните површини C) на цервикалните површини D) апикално E) на мезијалните површини
58. **Кај хиперзензитивни заби осетливоста е најголема во предел на?** A) Оклузална третина B) Апроксимални површини C) Инцизален раб D) Гингивална третина E) Средна третина
59. **Како се обезбедува суво работно поле?** A) кофердам B) отворена уста C) хлор етил D) никако E) сите одговори се точни
60. **Како се пружа прва помош на серозно воспаление на пулпата?** A) sol.chlumsky B) со екстирпација C) со директно прекривање D) никако E) сите одговори се точни
61. **Каналната оптурација се состои од:** A) Гутаперка и калциум хидоксид B) Гутаперка и Јодоформ- Sol,Chlumsky паста C) Гутаперка и силер D) Гутаперка и лајнер E) Ниту едно од наведените
62. **Кои средства за дефинитивно полнење на кавитети ги познаваш?** A) дефинитивни полнења B) со анестетичко дејство C) амалгам, композит, компомер D) дентинокс E) сите одговори се неточни
63. **Рабовите на правилно поставена матрица треба за завршуваат:** A) Над гингивална стапакла B) Во ниво на гингивална стапалка C) 0,5 mm под гингивална стапалка D) 1 mm под гингивална стапалка E) Ниту едно од наведените
64. **Силна ирадирачка болка е присутна кај:** A) Фистула B) Фиброзен пародонтит C) Интерен гранулом D) Акутен пародонтит E) Хиперемија
65. **Спроводна анестезија претставува:** A) Интрапулпна анестезија B) Мандибуларна анестезија C) Интралигаметарна анестезија D) Инфилтративна E) Терминална
66. **Апикалниот симптоматски (акутен) пародонтитис го одликуваат следните симптоми :** A) спонтана болка B) болка при палпација во пределот на апексот C) пулсирачка болка D) чувство на повисок заб E) сите горенаведени

67. **Каде се прави трепанациониот отвор кај инцизивите ?** A) секален раб B) вестибуларна површина C) апроксимална површина D) Foramen caecum E) Foramen apicale
68. **Кај алвеоларниот апцес примарна интервенција за смирување на болките е:** A) трепанација и трансканална дренажа B) локална апликација на медикамент C) ординирање на антибиотици пер ос D) ставање ладни облози екстраорално E) апликација на анестезија
69. **Појака болка на топло карактеристична е за :** A) акутен серозен пулпит B) акутен гноен пулпит C) хроничен улцерозен пулпит D) реверзибилен пулпитис E) хиперемија на пулпа
70. **Со што се финираат композитите ?** A) дискови и гумички B) карбидни борери C) дијамантски борери D) челични борери E) полирери
71. **Болката како клинички симптом при гангрените се манифестира како :** A) нема болка B) спонтана болка C) континуирана болка D) испровоцирана болка од ладно E) остра и секавична болка
72. **Во случај на јака акутна болка кај пулпитис, прв лек за обезболување е :** A) хидроген пероксид B) антибиотска паста C) јодоформ D) калциум хидроксид E) солуцио клумски
73. **Кое својство треба да го исполнува средството за плакнење на коренскиот канал ?** A) да дејствува антивирусно B) да ги коагулира белките C) да го прошири физиолошкиот форамен D) да го шири каналот E) да дејствува антибактериски
74. **Кој ириганс е прв на избор во ендодонција?** A) Водороден пероксид 3% B) Натриум хипохлорид 5% C) Водороден пероксид 25% D) Хлорхексидин глуконат 0,2% E) Натриум хипохлорид 2,5%
75. **Пулпата кај гангрена е :** A) авитална B) зголемен е прагот на дразбата C) намален е прагот на дразбата D) без промени E) витална
76. **Во ретенцијата на тоталната протеза најголемо влијание од физичките фактори има:** A) негативниот притисок под протезата B) капиларноста C) тежината на протезата D) силите на површински напон E) силите на кохезија и атхезија
77. **Ако распонот мегу 2 заба носачи е за 4 или повеке членови индицирана е изработка на:** A) керамичка мостова конструкција B) наменски мост C) парцијална протеза D) мост со редуцирана џвакална површина E) едноделно леан фасетиран мост
78. **Воспалението на усниците - Актиничниот хеилит е предизвикано од:** A) ултравиолетовите зраци B) габична инфекција C) бактериска инфекција D) вирусна инфекција E) алергична реакција
79. **Киретажа на пародонтален џеб се состои од :** A) импрегнација на забите B) соструживање на забите C) отстранување на слободна содржина од џебот D) чистење на забен камен E) полирање на забите
80. **Клиничката слика на улцеро некрозниот гингивитис ја карактеризира:** A) гангренозни промени на интерденталната гингива B) гноен ексудат кој се сецернира од маргиналната гингива C) инфламација од ексудативен тип со улцеро некрозни промени D) ерозивно улцерозни промени со гноен ексудат на маргиналната гингива E) инфламација со ерозивни промени на маргинална гингива
81. **Почетната пародонтопатија има субјективните симптоми потекнуваат главно од**; A) луксација на забите B) инфламација на гингивата C) пореметување во ТМЗ D) миграција на забите E) абразивни фасети

82. **Од примарна важност во настанувањето на гингивитот е:** A) супрагингивалниот плак B) маргиналниот плак C) субгингивалниот плак заб-асоциран D) субгингивалниот плак ткиво-асоциран E) интерденталниот плак
83. **Првите РТГ знаци на пародонтопатијата се опишуваат на:** A) алвеоларната коска B) периодонциум C) цемент D) права алвеоларна коска E) гингива
84. **Кое средство најчесто се користи за нагризување на тврдите забни супстанци ?** A) 85% раствор на фосфорна киселина B) 5% раствор на фосфорна киселина C) 37% раствор на фосфорна киселина D) 25% водороден пероксид E) 5% хипохлорид
85. **Кои од наведените материјали се користат како заштитни подлоги ?** A) јодоформ паста B) подлога врз база на глас - јономер C) цинкоксид D) паста по Гизи E) фосфорна киселина
86. **Што претставува fosse - routte на каналите ?** A) Канално полнење B) Периапикално полнење C) Обтурација D) Ренгенски артефакт E) Перфорација
87. **Што се аплицира во кавитетот пред поставување на глас јономер ?** A) подлога B) бонд C) лубрикант D) атхезив E) кондиционер
88. **Ампутацијата на забната пулпа може да биде:** A) Витална и мортална ампутација B) директно прекривање C) радиксна D) палатинална E) интра пулпна
89. **Во ендодонтската терапија средствата кои подоцна се стврднуваат во каналот по нивното внесување спаѓаат во :** A) дефинитивни полнења B) меки пасти C) привремени полнења D) сребрени легури E) периапикални полнења
90. **Инструмент за отстранување на кариозни маси се вика :** A) Бојтерлок B) Сонда C) Милер D) Лентула E) Ескаватор
91. **Кај витална екстирпација за апикално полнење користиме:** A) меко полнење B) тимол цемент C) триопаста D) ZnOOC E) Calxyl паста
92. **Гласјономерните залевачи перманентно испуштаат:** A) фосфати B) флуор C) калиум D) бикарбонати E) сите наведени
93. **Авулзија е :** A) коренска фрактура B) коронарна фрактура C) патолошка луксација на забите D) потполно избивање на забот од алвеолата E) комбинирана фрактура
94. **Meziodens претставува:** A) прекуброен заб B) долен заб C) горен заб D) премолар E) инцизив
95. **Macroglossia претставува развојна аномалија, која се манифестира со:** A) зголемен јазик B) намален јазик C) нормален јазик D) ниеден одговор не е точен E) сите одговори се точни
96. **Како се спречува создавање забен плак на дефинитивни полнења?** A) финирање и полирање B) орална хигиена C) стругање D) никако E) сите одговори се неточни
97. **Слободен простор помеѓу перманентните централни инцизиви се нарекува?** A) дијастема медијана B) приматна дијастема C) приметна дијастема D) физиолошка дијастема E) трема
98. **На ортопантомографската снимка се гледа?** A) целиот череп и забите B) забите од двете вилици, максилата, мандибулата и двата ТМЗ C) главата во профил D) лицето во анфас E) само забите од двете вилици
99. **Во индикација за изработка на вештачка забна коронка не спаѓа**: A) абразија B) ерозија C) дисколоритет D) сите одговори се неточни E) акутна пародонтопатија
100. **Иницијална лезија кај кариесот е:** A) бела дамка B) жолта дамка C) црна дамка D) ниту едно од наведените E) се е точно